**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ВЕЛЕС**
Сектор за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, евроинтеграции и локален економски развој

УП бр.1310-38
Бр.на постапка 38698
од 01.03.2022 година
Велес

Градоначалникот на Општина Велес, постапувајќи по барањето поднесено под УП број 1310-38 од 12.10.2022 година од страна на Друштво за градежништво, промет, посредување и услуги ТИПИНГ ДООЕЛ Велес, за одобрување на проектна програма, врз основа на член 58 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/2020), член 58 и член 60 од Правилникот за урбанистичко планирање(Службен весник на РСМ бр.225/2020 и 219/2021), го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ

Се одобрува проектна програма со УП број 1310-38 и со број на постапка 38698 од 12.10.2022 година, изработена од Друштво за градежништво, промет, посредување и услуги ТИПИНГ ДООЕЛ Велес, за изработка на Проектна програма за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела на дел од КП бр. 660 КО Сојаклари, Општина Велес, со намена А4.3 – семејни куќи.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Подносителот Друштво за градежништво, промет, посредување и услуги ТИПИНГ ДООЕЛ Велес, поднесе барање за одобрување на проектна програма со УП број 1310-38 и со број на постапка 38698 од 12.10.2022 година, за изработка на Друштво за градежништво, промет, посредување и услуги ТИПИНГ ДООЕЛ Велес, за изработка на Проектна програма за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела на дел од КП бр. 660 КО Сојаклари, Општина Велес, со намена А4.3 – семејни куќи.

Со барањето ја приложи следната документација и докази:

1. Барање за одобрување на Проектна програма,
2. Проектна програма со тех.бр.0212-09/21, од Септември, 2021 година,
3. Графички прилог на проектната програма,
4. Услови за планирање на просторот со тех.бр.У32321 од Декември, 2021 година, издадени од Агенција за планирање на просторот.
5. Решение за услови за планирање на просторот со арх.бр.УП1-15 1890/2021 година, издадено од Министерство за животна средина и просторно планирање – Сектор за просторно планирање.

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на Општина Велес, со Решение 08-600/1 од 02.02.2022 година, по разгледување на приложената документација кон барањето и извршениот увид во истата, констатира дека барањето за одобрување на проектната програма е основано и е во согласност со член 60 од Правилникот за урбанистичко планирање(Службен весник на РСМ бр.225/2020 и 219/2021), за што до градоначалникот достави предлог за одобрување на проектната програма со бр. 1310-38 од 12.10.2021 година, во кое даде позитивно мислење и предлага истата да се одобри.

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ВЕЛЕС**
Сектор за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, евроинтеграции и локален економски развој

Градоначалникот на Општина Велес врз основа на приложената документација кон барањето и предлогот за одобрување на Комисијата за урбанизам при Општина Велес, констатира дека барањето е основано и се исполнети условите од Правилникот за урбанистичко планирање и Законот за урбанистичко планирање (Службен Весник на РСМ бр.32/2020).

Врз основа на горенаведеното, Градоначалникот одлучи како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова Решение може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на истото, до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот. Жалбата се таксира со 250,00 ден. административни такси.

Градоначалник
на Општина Велес

**Марко Колев**